Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/4
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а врз основа на член 100 од Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија бр. 185/2011), член 10.10 и член 15.9 од Законот за Град Скопје (Службен весник на Република Македониј број 55/2004), како и врз основа на одлуката за Методологија за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 4/2013), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2024 година**

**СОДРЖИНА**

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби


**1.Вовед**
Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2024 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на спроведување на подготовки и преземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни епогоди и од последиците предизвикани од нив.
Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2024 година овие активности ќе ги остварува, насочува и кординира преку Секторот за човечки ресурси и информатичка технологија кое ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со :
- Министерството за одбрана
- Подрачно одделение за одбрана во Општина Кисела Вода
- Центарот за управување со кризи

**2.Развојни приоритети и цели**
Општина Кисела Вода во воена состојба продолжува да ги извршува работите утврдени со закон и има обврска да преземе мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив. Единиците на локална самоуправа имаат обврска да се подготвуваат за извршување на обврските на начин утврден со нивниот статут. Во Статутот на Општина Кисела Вода во глава 11 во член 170 предвиден е начинот на извршување на обврските на општината од областа на одбраната во воена состојба. Општина Кисела Вода врз основа на одлуката за Методологија за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 4/2013), има донесено План за функционирање на единица на локална самоуправа

Општина Кисела Вода во услови на војна како и утврдени приоритети за извршување на задачи определени со закон;

1. Утврдување на приоритети за одржување на локални патишта, улици и други јавни објекти од локално значење;
2. Начин на извршување и определување на извршители на приоритетните задачи;
3. Определување на потребните финансиски средства;
4. Мерки на приправност;

**3. План на активности**

Според член 37 од Методологијата за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 83/2003) за единиците на локалната самоуправа финансиски средства за спроведување на подготовки за одбрана и заштита и

спасување на грѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разузнавања и од природни непогоди и други несреќи во воена состојба и од последиците предизвикани од нив, како и за одржување на локалните патишта, улиците и другите јавни објекти од локално значење, според утврдениот приоритет се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од сопствени извори на приходи односно од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Врз основа на тоа, како и по препорака на Министерството за одбрана по извршениот инспекциски надзор потребно е во буџетот на Општина Кисела Вода да се предвидат одредени финансиски средства.

**Предвидени финансиски средства: 100 000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси и информатичка технологија. Во соработка со Министерството за одбрана, Подрачното одделение за одбрана во Општина Кисела Вода, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела ќе го следат спроведувањето на оваа програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето и извршувањето на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/6
27 декември 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.